**20150782554**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 мај 2015 година.

Бр. 08-2131/1
12 мај 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14 и 180/14), во членот 3 по точката 40 се додава нова точка 41, која гласи:

„41. „Стручно лице“ е лице ангажирано од страна на Советот за јавни набавки кое дава стручно мислење од соодветната област за која е запишано во Регистарот на стручни лица во врска со правниот основ за видот на согласноста што се бара;“.

Точките 41 и 42 стануваат точки 42 и 43.

Член 2

Во членот 14 став (5) во првата реченица зборовите: „исклучиво по барањата за добивање согласност, и решаваат за работи поврзани за нивната надлежност“ се заменуваат со зборовите: „по барањата за добивање согласност предвидени со овој и друг закон“.

Во ставот (12) алинеја 1 по зборовите: „матичен број на договорниот орган,“ се додаваат зборовите: „официјална адреса на електронско сандаче за прием на писмена на договорниот орган и“.

Во ставот (13) во првата реченица по зборовите: „договор за јавна набавка“ се додаваат зборовите: „и претходно решение на Советот во случај на повторено барање“.

Во ставот (15) по зборот „барањето“ се додаваат зборовите: „со користење електронски средства“.

Во ставот (17) во првата реченица по зборовите: „по барањето со решение“ се додаваат зборовите: „со кое дава согласност, не дава согласност или го отфрла барањето како недозволено или неуредно,“.

Во ставот (18) по првата реченица се додаваат четири нови реченици, кои гласат:

„Ако Советот донесе решение со кое не дава согласност, договорниот орган може да го повтори барањето уште два пати. При одлучување по вторпат за истото барање, Советот проверува дали договорниот орган постапил по укажувањата од претходното решение и ги разгледува забелешките на стручните лица кои ги ангажирал вториот пат, за што носи решение. При одлучување по третпат за истото барање согласност, Советот е должен по претходно мислење на стручните лица, да провери дали е постапено по неговите укажувања дадени со претходните решенија и да донесе решение со кое ќе даде согласност во кое ќе ги наведе, доколку е потребно, измените што договорниот орган треба да ги направи пред да го објави огласот. Договорниот орган не смее да објави оглас за јавна набавка согласно со правниот основ за видот на согласноста што се бара, доколку не постапи по укажувањата дадени во решението со кое Советот одлучил по третпат.“

Во ставот (20) во првата реченица по зборовите: „за давање согласност“ се додаваат зборовите: „првиот и вториот пат“. По третата реченица се додава нова четврта реченица, која гласи:

„При одлучување за давање согласност по третпат за истото барање, Советот по случаен електронски избор поканува три од стручните лица што претходно ги ангажирал да проверат дали е постапено по претходните укажувања на Советот.“

По ставот (35) се додава нов став (36), кој гласи:

„(36) Министерот за финансии, на предлог на Советот, ги пропишува формата и содржината на стандардните тендерски документации и стандардните технички спецификации, како и начинот на нивното користење од страна на договорните органи.“

Член 3

По членот 36-б се додава нов член 36-в, кој гласи:

„Член 36-в

Договорниот орган нема обврска да бара соодветна согласност од Советот во случаите кога:

- ги користи стандардните тендерски документации и/или стандардните технички спецификации или
- повторува постапка во истата фискална година за која претходно добил согласност и која завршила со одлука за поништување на постапката, според истите услови што биле предмет на согласност од Советот.“

Член 4

Во членот 99 став (1) точка 4) во воведната реченица по зборовите: „за набавка на“ се додаваат зборовите: „непредвидени работи, како и“.

Во алинејата 1 зборот „дополнителни“ се брише.

Во ставот (2) по зборовите: „непредвидените работи“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и кусоците на работи“ се бришат.

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за непредвидените работи за кои не се бара претходна согласност од Советот“.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Доколку при изведување на работите се јават кусоци и/или вишоци на работи, договорниот орган, по добивање на времената ситуација изготвена од страна на изведувачот и потврдена од страна на надзорниот инженер, склучува анекс на договорот за јавна набавка на работи со кој се уредуваат кусоците и/или вишоците на работи.“

Член 5

По членот 101 се додава нов член 101-а, кој гласи:

„Член 101-а

(1) При одлучување за давање согласност по вторпат во постапката со барање за прибирање понуди, Советот ги поканува истите лицата што претходно ги ангажирал да проверат дали е постапено по претходните укажувања на Советот.

(2) При одлучување по вторпат за истото барање согласност во постапка со барање за прибирање на понуди, Советот е должен по претходно мислење на стручните лица, да провери дали е постапено по неговите укажувања дадени со претходното решение и да донесе решение со кое ќе даде согласност во кое ќе ги наведе, доколку е потребно, измените што договорниот орган треба да ги направи пред да го објави огласот. Договорниот орган не смее да објави оглас за јавна набавка согласно со правниот основ за видот на согласноста што се бара, доколку не постапи по укажувањата дадени во решението со кое Советот одлучил по вторпат.“

Член 6

Во членот 102 став (7) по зборовите: „личната состојба,“ се додаваат зборовите: „ќе се смета дека понудувачот ја повлекол својата понуда, што резултира со издавање негативна референца, а“.

Член 7

Во членот 129 став (3) по зборовите: „овој член“ се додаваат зборовите: „ја потпишува исклучиво одговорното лице,“.

Член 8

Во членот 140 став (2) точката на крајот од втората реченица се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно десет работни дена кај набавките со проценета вредност над еден милион евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ“.

Член 9

Во членот 153 став (1) алинеите 4 и 5 се бришат.

Член 10

Во членот 154 став (1) по зборот „листа“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и на лиценците“ се бришат.

Член 11

Во членот 198 став (1) алинеја 9 по зборовите: „за јавна набавка на“ се додаваат зборовите: „непредвидени работи, како и“.

Во точката а) зборот „дополнителни“ се брише.

Во ставот (2) по зборовите: „непредвидените работи“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите „и кусоците на работи“ се бришат.

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за непредвидените работи за кои не се бара претходна согласност од Советот“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Доколку при изведување на работите се јават кусоци и/или вишоци на работи, договорниот орган, по добивање на времената ситуација изготвена од страна на изведувачот и потврдена од страна на надзорниот инженер, склучува анекс на договорот за јавна набавка на работи со кој се уредуваат кусоците и/или вишоците на работи.“

Член 12

По членот 232-п се додава нов член 232-р, кој гласи:

„Член 232-р

(1) Тој што во текот на постапката ќе ги измени или дополни оние елементи од тендерската документација за кои Советот издал согласност спротивно на членот 38 став (4) од овој закон и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ќе се казни со казна затвор до три години.

(2) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг значителна имотна корист, или предизвикал значителна штета, ќе се казни со казна затвор од три до шест години.

(3) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг имотна корист од поголеми размери, или предизвикал штета од поголеми размери, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.”

Член 13

Договорниот орган е должен да ги спроведува отворената постапка, ограничената постапка и постапката со барање за прибирање на понуди со користење електронски средства преку ЕСЈН, и тоа:

- во најмалку 30% од објавените огласи од 1 јануари 2016 година,
- во најмалку 50% од објавените огласи од 1 јануари 2017 година и
- во 100% од објавените огласи од 1 јануари 2018 година.

Член 14

Постапките за доделување договори за јавни набавки започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14 и 180/14).

Член 15

Овој закон влегува во сила на петнаесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.